# З А П И С Н И К

## од петтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

## за 2026 година

Петтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на ден 17.02.2026 година во 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за петтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Разгледување на пријавите доставени од кандидатите по Јавен оглас за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации број 1102-3/4 од 29.01.2026 година;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за петтиот состанок на Комисијата на АЕК во 2026 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата ги разгледа доставените пријави на кандидатите по Јавниот глас за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации број 1102-3/4 од 29.01.2026 година и откако ја разгледа доставената документација, констатира дека од 9 (девет) кандидати, 8 (осум) кандидати ќе бидат повикани на интервју.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Д-р Адмирим Алити, член________

Наш број 1102-8/2

Скопје 17.02.2026 година